Информатор бр 16,

Ноември, Декември 2003 Јануари 2004

**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ-МЕЃАШИ 1992 - 2003**

Република Македонија

Ул"Коста Новаковиќ"22а 1000 Скопје

Телефон: (389-2) 2-465-316

Телефон/факс: (389-2) 2-463-900

first@childrensembassy.org.mk

www.childrensembassy.org.mk

## Мисија на организацијата

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши е меѓународна невладина организација која се залага за почитување на детската личност преку застапување на детските интереси, заштитата на нивните права и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето во Република Македонија развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.

## Во овој број

1. **МАК АКЦИЈА**
2. **ТРЕНИНЗИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ**
3. **ДРУГАРУВАЊЕ БЕЗ ГРАНИЦИ**
4. **ДЕДО МРАЗ И КАЈ НАС**
5. **СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**
6. **ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ**
7. **АКЦИЈА ЗА ПОМОШ НА НОВОРОДЕНЧЕ**
8. **УЧЕСТВА**

### 1. МАК АКЦИЈА

Македонски волонтери во акција е проект кој го промовира волонтеризмот и помошта во заедницата преку обезбедување неформална обука и ограничена финансиска поддршка за развој на активности базирани на помагање на заедницата кои промовираат мулти-етничка соработка и регионална размена, грижа за околината, придонесување корист за општините и мобилизирање на поголема група на волонтери.

- Проектот започна на 1 октомври 2002 и до сега волонтерите извршија 110 мали проекти за одржување на општините со вкупно одобрен буџет од 194.698 долари.

- Отворија 10 волонтерски клубови во Куманово, Кавадарци, Крива Паланка, Неготино, Велес, Дебар, Тетово, Свети Николе и Струмица. Канцелариите се опремени и снабдени си ИТ опрема.
- Вклучувајќи приближно 12.000 учесници во нивните мали проекти.
- Ангажирани приближно 300 активисти/ки во канцелариите/клубовите на МАК Акцијата кои помогнаа во извршувањето на овој проект.

Во проектот се ангажирани приближно 40 волонтери/ки на возраст од 18 до 29 години од општините Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Свети Николе, Велес, Дебар, Струмица, Неготино, Кавадарци и Тетово. Секој тим на волонтери/ки разви план за акција за нивните заедници и работи на обединување на тој голем круг на волонтери/ки и активисти/ки во извршувањето на малите одржувања на општините со буџет од 1000 до 2000 долари. Предложените активности вклучуваат организирање на мултиетнички активности за спорт и уметност, еколошки работилници и кампања за чистење, фолклорни игри, изложби и други културни настани кои создаваат можности за социјална интеракција и културна размена, отпочнување кампања за будење на свеста за унапредување на волонтеризмот, да ги одврати младите од носење на оружје, формирање "надгледувачки" групи против актите на вандализмот, иновација и реконструкција на рампите и реконструктуирање на градските фонтани.

Досегашниот финансиер на Мак Акција, УСАИД преку програмата на ЦСХИ се согласи да го финансира почетокот од третата фаза на проектот која ќе заврши на 15 март 2004 година. За време од овој период тимот на Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" има за задача да најде нови донатори за продолжување на проектот.

## 2. ТРЕНИНЗИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ



**О**д 31.10. до 02.11.2003 година во Струга и од 21-24 јануари 2004 во Скопје се одржаа тренинзи за ненасилна разработка на конфликти. На тренинзите учествуваа вкупно 17 професори и професорки од средното медицинско училиште "Д-р Панче Караѓозов". Тренерскиот тим го сочинуваа: Блерим Јашари (Центар за балканска соработка ЉОЈА Тетово); Ана Битољану (ПДАС-Меѓаши, МИРамиДА Центар Грожњан) и Гордана Пирковска Змијанац (ПДАС-Меѓаши).

Темите кои се обработуваа на овие тренинзи беа: насилството во училиштата, лидерство, моќ, тимска работа, градење на мирот и вовед во фацилитацијата на работилниците.

Финансиска поддршка за овие тренинзи добивме од Институтот за трајни заедници преку Американската агенција за меѓународен развој и Швајцарската амбасада во Скопје. Ја користиме оваа пригода уште еднаш да им се заблагодариме.

## 3. ДРУГАРУВАЊЕ БЕЗ ГРАНИЦИ

Проектот "Акција за граѓанство преку театар" започна со реализирање на 12 Јуни 2003 година и траеше до 15 Декември 2003 година. Првата фаза опфати одржување на креативни работилници со активно вклучување на 60 деца од различни етнички групи и нивните родители. Втората фаза беше фокусирана кон подготовка на театарска претстава која потоа беше изведена во 16 градови во Македонија. Паралелно додека траеше изведувањето на претставата во градовите беше организиран и натпревар-награден конкурс на национално ниво со тема "Другарување без граници". Еве некои од изјавите од Дневникот на проектот:

**Санела**: *Во Пониква сме. Се е супер. За прв пат ручаме заедно Македонци, Роми, Албанци.*



**Бурим**: *Моментот кога глумевме пред родителите нема да го заборавам целиот мој живот.*
**Амела**: *Сите бевме среќни кога заврши претставата и позади сцената сите се прегрнавме и бевме многу среќни.*
**Каролина Кузмановска-родител**: *Јас сум родител на две деца. Бев фасцинирана.. Моето дете кое по природа е повлечено беше толку опуштено и без срам глумеше.*
**Стојна Василева-родител**: *Деновите во Пониква поминати со моето дете и со новите познаници нема да ги заборавам целиот живот.*

Проектот "Акција за граѓанство преку театар" беше финансиран од ЕУ, управуван од Европската Агенција за Реконструкција, а реализиран од Италијанската невладина организација ЦРИЦ и Првата Детска Амбасада во Светот-Меѓаши.

## 4. ДЕДО МРАЗ И КАЈ НАС



Донациите, честитките, посетата на Дедо Мраз и новогодишните пакетчиња беа причина повеќе да се зголеми радоста и задоволството кај децата во нашето прифатилиште и помислата дека сепак некој мисли на нив. Ја користиме оваа можност да ја изразиме благодарноста за посветеното внимание до: Црвениот Крст на град Скопје кој со помош на Ф-та за чоколади и вафли "Европа" обезбеди новогодишни

пакетчиња за децата од прифатилиштето, Американската гимназија НОВА и Генел дооел овластен дистрибутер на Цанон.

## 5. СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

**П**оследните три месеци од 2003 година, СОС телефонот ги одработи со тим од 15 волонтери, кои поминаа низ годишен циклус на теориска и практична обука, под супервизија на Станислав Петковски-специјалист по медицинска психологија. Во текот на изминатата година волонтерите одговорија на околу 400 повици и имаа повеќе десетици средби со деца и млади кои се јавиле или дошле во просториите на ПДАС-Меѓаши. Работното време на телефонот е зголемено и сега е од 11:00 до 20:00 часот.



Во склоп на проектот финансиски поддржан од БЦЅФ, за потребите на кампањата за промовирање на СОС телефонот беа испечатени постер, брошура, налепница, беџ и маица, кои беа презентирани на НВО саемот кој се одржа од 20 до 22.11.2003 година во Скопје. Овој материјал ќе биде дистрибуиран во идните неколку месеци низ училиштата во Скопје и пошироко низ Македонија.

Од 4 до 7.12.2003 година тимот беше во Струга, каде имаше стратешко планирање за работата на СОС телефонот за наредните три години. Како стратешки цели беа издвоени: зголемување на бројот на повици, зголемување на број на индивидуални советувања (лице во лице) и обезбедување на долгорочна одржливост на СОС телефонот. Семинарот го водеше Зоран Стојковски (ИТЗ).

За 2004 година, ПДАС-Меѓаши преку Холандската амбасада доби средства кои ќе овозможат продолжување на работата, задржување и подобрување на квалитетот и капацитетот на СОС телефонот за деца и млади.

## 6. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ

Детските работилници за прв пат започнаа со работа во 1993 година со цел маргинализираните групи на деца креативно и корисно да го исполнат слободното време. Често пати ни се случува да добиваме писма од родители во кое ја изразуваат својата благодарност. Еве дел од писмо што го добивме деновиве:

*"Јас, Витомир Трајковски и мојата сопруга Јока Трајковска ви упатуваме голема благодарност затоа што нашите две деца Димитар и Благородна бескрајно добро ги прифативте во работилниците. Благодариме и за училишниот прибор што ни го дадовте за децата и на таков начин ни помогнавте да не го купуваме истиот.*

*Јас и сопругата не сме вработени и немаме постојано место за живеење, т.е. живееме под кирија, но се трудиме на достоен начин да ги воспитаме децата. Децата се презадоволни од работилниците и им е толку пријатно што тоа чуство го пренесуваат дома. Нашите деца ги посетуваат работилниците по англиски, компјутери, ликовно и литература и покажаа подобри резултати и на училиште. Благодариме"*

## 7. АКЦИЈА ЗА ПОМОШ НА НОВОРОДЕНЧЕ

Можеби во ПДАС-Меѓаши постои некој магнет кој ги привлекува децата и возрасните меѓусебно да комуницираат, да здобијат нови знаења, да другаруваат, или пак да најдат одговор на некое за нив неодговорено прашање. Веројатно со такви мисли беше и пензионерот Сафет Фајковиќ кој во утринските часови на 16 декември 2003 година дојде во Првата Детска Амбасада во Светот "Меѓаши" заедно со Елизабета Алии. Невработеноста, отфрленоста од најблиските и потребата од неопходна помош на деветнаесетгодишната родилка и нејзиното дваесетдневно бебе беа причината за нивното доаѓање во ПДАС-Меѓаши. И покрај минималните примања и лошата финансиска состојба, човечноста и родителскиот инстинкт ги натераа Сафет и неговата сопруга привремено да ја згрижат во својот дом Елизабета Алии и нејзиното новороденче. Сепак, како резултат на безизлезната состојба во која што се наоѓаа тие решиле помош да побараат од ПДАС-Меѓаши. Нашата организација презема акција за собирање на бебешка облека и хигиенски средства, која вроди успех, а истовремено на новороденчето на Елизабета Алии му беа доделени беби пакети (пудри, шампони, мелни пелени). Деновиве разговаравме со Сафет кој не замоли да обезбедиме бебешко креветче, количка и други хигиенски средства кои се неопходни за новороденчето. Секоја помош е добредојдена. Лицата и организациите кои можат да помогнат, ги молиме да се јават на следниве телефони: 2465-316 и 2463-900. Лице за контакт: Јована Стојановска.

## 8. УЧЕСТВА

Првата амбасада на децата во светот - Меѓаши учествуваше на третиот НВО Саемот Форум на граѓанското општество во Македонија (НВО Саем) одржан на Скопскиот Саем од 20 до 22 Ноември, и ја доби наградата за најдобро уреден штанд заедно со Сојузот на извидници на Македонија и "Синергија" од Штип. На саемот учествуваа 205 граѓански организации од Македонија и десетина странски.




Од 5 до 7 Ноември во Скопје, **м-р Драги Змијанац** Извршен директор на Амбасадата -Меѓаши учествуваше како модератор на работилницата на конференцијата на тема *"Советот на*

*Европа во функција на иницирање законски промени во материјата за лицата со хендикеп во РМ и во регионот"*. На 14 и 15 Ноември во Скопје се одржа семинар на тема *"Има ли живот за и по затворањето"* на кој учествуваа **Драги Змијанац** и волонтерката **Катерина Конеска**, организиран од Здружението за заштита на правата на децата-Центар за детска правда "Малиот Голем Човек".

Од 12 до 19 декември 2003 година **Габриела Петреска** и **Данијела Арсиќ**, волонтерки во детските работилници-англиски јазик при ПДАС-Мeѓаши учествуваа на семинарот *"Иднина без страв"* што се одржа во Истамбул-Турција во организација на Институтот за миграциони прашања.

Од 16 до 18.01.2004 во хотел Јадран во Скопје се одржа обука на ИТЗ на тема *"Вовед во методите за едукација на врсници"*, или т.н пеер-едукација. На обуката како претставници на ПДАС-Меѓаши учествуваа **Илија Дојчиновски** волонтер на СОС телефон за деца и млади и **Реџеп Раими** проект координатор.

Добредојде на **Елизабета Атанасова** која од 22.12.2004 се вклучи како координатор на активности во проектот Мак Акција при ПДАС-Меѓаши.

Подготвено од тимот на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши